**ОСНОВЕН СУД**
**КОЧАНИ**
**СУ-1404-2-7/22**
**14.12.2022 год.**
**Кочани**

Судскиот администратор на Основен суд Кочани Марија Стојанова, врз основа на член 36 од Законот за судска служба,по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/22, за вработување на судски службеник, за работно место Прием и експидиција на пошта со звање самостоен судски референт,категорија Г,ниво Г1,1/(еден) извршител, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од Комисијата за селекција за вработување заведен под СУ-1404-2-6/22 од 13.12.2022 година, на ден 14.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место Прием и експидиција на пошта, со звање самостоен судски референт,категорија Г,ниво Г1, **се избира кандидатот Филимена Кузмановска од Охрид,со престој во Кочани.**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Кочани во дневните весници „Вечер" и ,,Lajme" од 14.11.2022 година, објавен е Јавен оглас бр.2/22 за вработување на судски службеник за работно место Прием и експидиција на пошта, со звање самостоен судски референт,категорија Г,ниво Г1.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 Законот за судска служба и чл.20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас,формата,содржината и начинот на поднесување на пријавата,на спроведување на административната селекција за испитите,проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници,до Судскиот администратор доставен е предлог на кандидат за вработување заведен под СУ-1404-2-6/22 од 13.12.2022 г. во кои се предлага вработување на кандидатот Филимена Кузмановска,како прва на ранг листата.

Во врска со горенаведеното, Судскиот администратор согласно член 36 од Законот за судска служба одлучи како во изреката на одлуката.

Со оглед на тоа што избраниот кандидат е единствен на ранг листата односно нема кандидати од ранг листата кои не се избрани,Одлуката се доставува само до избраниот кандидат и истата е правосилна од денот на приемот.

Судски администратор
Марија Стојанова

**ОСНОВЕН СУД**
**КОЧАНИ**
**СУ-1404-3-7/22**
**14.12.2022 год.**
**Кочани**

Судскиот администратор на Основен суд Кочани Марија Стојанова, врз основа на член 36 од Законот за судска служба,по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/22, за вработување на судски службеник, за работно место Дактилограф со звање судски референт,категорија Г,ниво Г3,1/(еден) извршител, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од Комисијата за селекција за вработување заведен под СУ-1404-3-6/22 од 13.12.2022 година, на ден 14.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место Дактилограф,со звање судски референт,категорија Г,ниво Г3, **се избира кандидатот Кристина Иванова од Кочани.**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Кочани во дневните весници „Вечер“ и ,,Lajme“ од 14.11.2022 година, објавен е Јавен оглас бр.2/22 за вработување на судски службеник за работно место Дактилограф, со звање судски референт,категорија Г,ниво Г3.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 Законот за судска служба и чл.20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас,формата,содржината и начинот на поднесување на пријавата,на спроведување на административната селекција за испитите,проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници,до Судскиот администратор доставен е предлог на кандидат за вработување заведен под СУ-1404-3-6/22 од 13.12.2022г. во кои се предлага вработување на кандидатот Кристина Иванова,како прва на ранг листата.

Во врска со горенаведеното, Судскиот администратор согласно член 36 од Законот за судска служба одлучи како во изреката на одлуката.

Со оглед на тоа што избраниот кандидат е единствен на ранг листата односно нема други кандидати од ранг листата кои не се избрани,Одлуката се доставува само до избраниот кандидат и истата е правосилна со денот на приемот.

Судски администратор
Марија Стојанова